*ВЕСНА ДИМИТРИЕВСКА*

# ПРИЛОГ КОН ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ПОИМОТ ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА

Изразот „девијација“ се употребува мошне често во современиот јазик и научната литература. Лексичкото значење на овој израз можеме да го определиме како „отстапување“.[1] Овој израз се употребува за различни цели: за означување на отстапувањето на магнетната игла (кај компасот на бродот) поради железната маса на бродот; за означување на големата разлика што ја пројавува некоја единка во некоја група, кога на пример, нејзината тежина е драстично поголема од тежината на другите членови на групата; за обележување на отстапувањето на поединецот доколку невообичаено се однесува (во некоја определена средина, час или околност); за означување на однесувањето на поединецот во некоја група кога застапува драстично поинакви ставови од оние што се вообичаени за таа група, итн.

Во примерите е забележлива различната употреба на изразот девијација. Во еден од примерите овој израз е употребен за да означи една физичка појава и законитост. Вториот наведен пример е поврзан со објективните својства на единката, кои не зависат од неговата свесна акција. Во последниот наведен пример се сретнуваме со свесно дејствување на поединецот кој се спротиставува на вообичаеното однесување на групата на која што ѝ припаѓа, а во која се изградени норми кои тој ги пренебрегнува. Такви прашања се предмет на интересирање на социологијата, но и на криминологијата, социјалната психологија и патологија и сл. Во рамките на социологијата, со овие прашања се занимаваат социологијата на социјалните проблеми и социологијата на девијантното однесување (социологијата на девијантноста). Токму на проблемот на општествената девијација односно на определувањето на нејзиниот поим му е посветено внимание во овој труд.

Не е лесно да се определи што е општествена девијација, бидејќи во општествениот живот не постои некој природен пат (насока) на развојот или, пак, во него не може да се утврди што е тоа негова нормална состојба. Веќе подолго време се прават обиди во

[1] *Deviare* — скршнувам од правиот пат; отстапувам; се оддалечувам.

рамките на социологијата и на неа сродните науки да се утврди таквата состојба и оттука да се определат појавите кои би отстапувале од таа состојба.

Во општествената практика постојано се јавуваат разни модели на „нормално" однесување. Поединците и групите кои отстапуваат од таа норма се прогласуваат за девијантни, болни или, пак, за асоцијални.

Општествената девијација може и треба да се сфати како општествена појава на непочитување на определени норми, што во рамките на едно општество, посредно или непосредно, создава еден нов општествен однос меѓу лицето или лицата (девијанти) кои не ги почитуваат правилата на однесувањето и општествената средина која реагира на таквото (девијантнно) однесување. За ваквото сфаќање, општествената девијација е општествена појава (непочитување на општествените норми), при што е и последица на општествените односи, односно има општествени причини.

Во науката се среќаваме и со едно друго сфаќање, кое смета дека општествената девијација треба да се објаснува со неопштествени фактори. Привврзаниците на ова сфаќање се предимно лекари, кои девијантите ги сметаат за ненормални личности. Сепак, поприфатливо е мислењето кое укажува на општествената условеност на девијантноста, односно дека таа има општествени причини. Социологијата се занимава и со човекот и со општеството, бидејќи тие не можат да се изделат како независни категории. Осамената единка не е индивидуа. Општественоста е суштина на нејзината индивидуалност. Маркс со право вели дека „развитокот на една индивидуа е условен од развитокот на сите други индивидуи со коишто таа стои во непосреден или посреден однос и дека разните поколенија на индивидуи, кои влегуваат во заемни односи меѓу себе, ја имаат таа врска така што подоцнежните индивидуи во својата физичка егзистенција се условени од страна на своите претци, од нив ги преземаат акумулираните производни сили и форми на однесување и од нив се определени во своите сопствени заемни односи".[2] Конкретното општество, како конкретна историска појава, никогаш не може, заради интересот на една или друга класа, докрај да ја социјализира единката. Општественоста е генеричко својство на единката и секогаш е поширока од конкретната општественост, која ја наметнува дадениот систем на организација на општеството. Оттука произлегува и постојаниот латентен, потенцијален конфликт меѓу единката и општеството. Поврзаноста на човекот и општеството не треба да се сфати механички, како да е од една страна општеството со своите норми и институции, кои стојат над единката, а од друга страна единката, која се однесува според своите импулси и чие однесување се објаснува самото со себе, со структурата на нејзината личност.

Заради тоа сметаме дека девијацијата, како општествена појава, треба да се изучува во рамките на социологијата. Социолошкиот пристап — кој подразбира поврзаност на општествените појави

---

[2] K. Marks — F. Engels, *Nemačka ideologija,* Kultura, Beograd, 1964, I, str. 170.

со основните глобалноисториски својства и организација на општествениот живот, но и со карактеристиките и стремежите на одделните општествени група и институции — овозможува согледување на човековиот начин на живот и на неговото реагирање на алтернативите што општеството ги востановува.

Кои се тоа девијантни општествени појави и како тие се манифестираат?

Во науката среќаваме множество критериуми за определување на општествените девијации. Ќе се задржиме на трите основни критериуми: нормативниот, реактивниот и вредносниот, кои најчесто и ги сретнуваме во литературата.[3]

Според нормативниот критериум, сè она што не е во сообразност со општествените норми се прогласува за девијантно. Нормите се правила за однесување меѓу луѓето во општеството. Тие го определуваат она однесување со кое ќе се оствари некоја вредност. Овој однос меѓу нормите и вредностите принципиелно треба да се сфати како однос меѓу средствата и целта. При нормативното определување на девијантноста најголемо внимание му се посветува на поединечното отстапување со кое не се почитуваат определени норми. Вака сфатено, девијантно е секое со закон забрането однесување. Девијантни се и оние однесувања кои не ги почитуваат другите, неправните норми. Девијантни се, значи, сите однесувања кои не се во сообразност со општествената улога на единката, бидејќи секоја општествена улога е и нормативно определена. Сепак, нормативната определеност на општествената девијација е релативна. Отстапувањето од нормите во едно општество или група може да биде во целосна собразност со нормите на некое друго општество или група. Според овој критериум тешко можат да се определат нормите кои поуниверзално важат, кои не се врзани за определено општество или група. Не е лесно да се оцени дали врз дадените однесувања се применети формални или партикуларни норми. Се јавуваат проблеми и поради тоа што вредностите и нормите еволуираат. Во современите општества, со зголемена улога на релативизмот и либерализмот, поединецот не е секогаш сигурен како треба да се однесува, со оглед на тоа што често се среќава со противречни норми.

Вториот критериум за определување на девијацијата тргнува од општествената реакција на која наидуваат одделни однесувања. Таа може да биде неформална реакција на непосредната општествена средина и формална реакција на специјални институции. Во овој случај девијантноста не е својство на однесување на поединецот, туку се изведува од определени типови на општествената реакција на неговото однесување. Според овој критериум девијациите се обезвреднети однесувања, а нивните носители општествено се етикетирани. До негативна реакција доаѓа секогаш кога постои спротивност на интересите. При тоа треба да се имаат предвид и разликите во општествената моќ со која располагаат единките или групите. Прекршителите на општествените норми кои се моќни не дозволуваат никој да им се противстави, што би значело дека не се деви-

[3] I. Janković — V. Pešić, *Društvene devijacije*, VŠSR, Beograd, 1981, str. 9.

јантни. Исто така, со овој притеријум не се опфатени ниту оние поединци кои не ги почитуваат нормите на однесување пропишани во општеството или во некоја групата каде или кога не доаѓа до негативна општествена реакција.

Во основа на вредносниот критериум стојат вредностите односно целите кон кои се стреми општествената акција. Тука се среќаваат две различни гледишта при дефинирањето на девијацијата. Првото гледиште тргнува од вредностите кои во соодветното општество се признаени како важечки. За девијанти се прогласуваат оние кои не постапуваат во сообразност со нив. Всушност, девијантно е секое однесување кое во тој определен општествен систем е несакано. Според овој критериум девијантноста е релативно определена, бидејќи што во некое општество или група е непожелно зависи навистина од многу специфични фактори. Вториот критериум тргнува од оние вредности кои имаат универзално значење. Привrзаниците на овој став сметаат дека општеството е рационално организирано само тогаш кога обезбедува непречен развиток на човечките вкупни креативни потенцијали, без оглед на тоа за какви определени историски моменти се работи. Без значење е дали вредностите се признаени во конкретното општество или не. Девијантни појави се оние кои отстапуваат од автентичните човекови вредности. При тоа не е важно дали тие им противречат на позитивните норми, како и дали наидуваат на реакција. Доколку овој критериум доследно се примени доаѓаме до ситуација да се укинува разликата меѓу конформистичкото и девијантното, бидејќи тие самите по себе не претставуваат ниту автентични ниту, пак, неавтентични вредности.

Анализирајќи ги меѓусебните односи на изнесените критериуми (нормативниот, реактивниот и вредносниот) можеме да констатираме дека тие се елементи на една поширока појава, а тоа е општествениот систем. Девијантното според нормативниот критериум често е девијантно и според реактивниот критериум. Поретки се случаите кога кршењето на некои норми нема да предизвика негативна реакција, и обратно. Двата критериума тука тргнуваат од постојниот систем. Исто така, постои блискост и меѓу нормативниот и вредносниот критериум за определување на општествената девијација. Секоја норма се јавува како заштита на некоја вредност. Секој општествен систем содржи вредности и цели кон кои се стреми, а и норми и правила на однесување, кои треба да обезбедат остварување на целта и кои на одреден начин ги регулираат односите меѓу луѓето, како и систем на социјална контрола, поточно на определени начини на реагирање по непочитувањето на нормите. Неговата улога е заштита на вредносно-нормативниот систем во целост. Овие критериуми се разликуваат само според тоа во каков однос се со постојниот систем. Едни се базираат врз постојниот систем, а другите врз можноста и потребата од негово менување. Доколку проблемот вака се постави, определувањето на девијацијата ќе зависи од тоа како се сфаќа системот, односно како е решен основниот социолошки проблем — како општеството, како систем на човекови односи, се одржува и се развива.

Размислувањата за овој проблем се бројни. Сепак, меѓу нив, посебно внимание заслужуваат теориските концепции на Конт, Диркем, Лемерт, Мертон, Низбет, Маркс и на југословенскиот автор М. Ѓуричиќ.

Основачите на теоријата за системот Конт и Диркем општеството го сметаат за систем од издиференцирани делови кои функционираат благодарејќи на заедничките вредности и норми. Општеството е сфатено како организам и како такво е непротивречна целина. Неговото функционирање е базирано врз моралното единство, сообразено со желбите на неговите членови. Девијантни однесувања се оние кои му се противставуваат на вредносно-нормативниот систем како заедничка творба на сите членови на општеството. Но, всушност, определбата на нормалното и девијантното се базира врз некритичкото прифаќање на моралните и други норми на владејачките класи и слоеви.

Лемерт[4] тргнува од критиката на разните моралистички сфаќања на општеството. Тој особено внимание му посветува на девијатното однесување. Притоа ги изложува следниве поставки:

— девијациите се функција на културните конфликти што се одразуваат низ социјалната организација;

— постојат разни социјални реакции на девијациите, од силно одобрување и прифаќање, преку рамнодушност, до силно неодобрување со примена на санкции;

— социопатолошките однесувања се девијации кои ефективно не се одобруваат;

— девијантната личност е личност чијашто улога, статус, функција и самодефиниција се условени од степенот на нејзината социјална видливост, а особено од изложеноста на социјална реакција и од нејзината природа и интензитет;

— девијациите се индивидуализирани во однос на нивната реалност кон социјалната реакција и поради тоа личноста е динамична: постојат различни слоеви и структури во секоја личност што делуваат како мрежа на ограничување во условите во коишто дејствува социјалната реакција;

— постојат модели на девијации кои можат да бидат идентификувани и опишани во ситуацијата, просторот и времето.

Тргнувајќи од овие поставки, Лемерт смета дека меѓу личностите и групите настанува деференцијација на различни начини, од кои некои завршуваат со казни, отфрлање и сегрегација. Со оглед на тоа што ваквото однесување ја нарушува општествената интеграција, за девијантното однесување Лемерт вели дека е дисфункционално. Тоа е последица од општествената дезинтеграција како функција на различни културни развои.

Оваа теоретска концепција за девијантното однесување има големо значење, но сепак не може да се прифати без следниве критички забелешки. Неговата теорија во извесна смисла е бихевиористичка, бидејќи го запоставува комплексното проучување на личноста, задржувајќи се врз поведението. Субјективните и објектив-

---

4 E. Lemert, *Social Patology*, New York, 1951.

ните аспекти на личноста се неделиви и мораат да се набљудуваат во меѓусебна врска и влијание. Во однос, пак, не социолошката концепција, оваа теорија е едноставна, бидејќи се сведува само на психосоцијалната концепција на однесувањето, запоставувајќи го проучувањето на општеството во целост. Таа не создава основа за типологија на појавите бидејќи останува врз општите постулати за девијантното однесување. Со наведените постулати не можат да се опфатат сите социјални појави. Оваа теорија е ориентирана прагматистичко-конформистички, бидејќи не го цени вредносниот квалитет на девијацијата и на неодобрувачката социјална реакција.

Во овој контекст внимание заслужува и теоретската концепција на Мертон и Низбет.[5] Тие забележуваат четири форми на девијантно однесување, и тоа: иновација, ритуализам, повлекување и бунтовништво. Овие форми на однесување се изградени врз развојувањето на културните цели и можноста тие да се реализираат во определени општества. Според овие автори, девијантно однесување постои тогаш кога има несообразност помеѓу општественото-нормативните цели, од една страна, и свеста со кои се обезбедува нивното остварување, од друга страна, или кога мора да дојде до пресврт на општествените цели во општествени средства. Типолошките критериуми за формирањето на девијантните однесувања претставуваат или прифаќањето или отфрлањето на културните цели, односно на дозволените средства за нивно остварување во дадената општествена средина.

Мертон доста прецизно го разграничил полето на социјалното изучување на девијацијата, а со тоа од социолошките дисциплини го отфрлил „индивидуално-патолошкиот пристап“. Анализата на девијацијата тој прв ја ставил во рамките на општествената структура и нејзините противречности. Мертон го отфрлил и сфаќањето на девијацијата како неморална појава. Во дадената типологија за девијантното однесување јасно го разграничил и неконформизмот од аберациите.

Според М. Ѓуричиќ,[6] девијантното однесување преставува секоја човекова активност — без оглед на тоа дали се изразува како дејствување, заземање ѐтав или мислење — која се наоѓа значително под или значително над границите на дозволеното просечно отстапување од општествените норми, доколку во општествените размери предизвикува спротивно или органичено општествено негодување.

Маркс општествените девијации ги сфаќа како различни форми на непочитување на нормите во рамките на еден определен систем, кој како целост заштитува определено класно владеење, а преку разни механизми на контрола го наметнува однесувањето на единките.

Ние девијациите ќе ги сфатиме како форма на противставување на системот како систем од норми. Сите девијации се состојат во кршењето на нормите на владејачкиот систем. Разликата меѓу нив е само во начинот и целите на противставувањето на системот.

---

[5] K. R. Merton — A. R. Nisbet, *Contemporary Social Problems,* New York, 1961.

[6] M. Đuričić, *Devijantno ponašanje i društvena dezorganizacija,* Sociologija, Beograd, 1961, br. 3—4.

Таа противставеност меѓу девијантот и системот може да биде различно манифестирана.

Според целта на акцијата со која му се противставуваат на системот можеме да ги разликуваме следниве девијации: системската, адаптивната и неконформистичката.

Системските општествени девијации се состојат во кршењето или непочитувањето на постојните норми со цел да се одржат постојните односи на моќта. Нејзини носители се најчесто припадници на владејачките слоеви и државниот апарат. Ваков тип на девијација најдобро може да се забележи во познатиот проблем „расчекор меѓу идеалот и реалноста", односно во остварувањето на вредносно-нормативниот систем во практиката. Тука се работи за замена на прокламираните норми со имплицитни потесни норми, кои по правилно се израз на политичкиот волунтаризам.

Следната категорија на девијации се адаптивните. Кај ваквиот тип на девијации единките и групите ги разрешуваат конфликтните ситуации во кои се наоѓаат со својата положба во општествената структура и во системот на поделбата на трудот. Понекогаш овие девијации се само мистифицирани форми на бунт со кој постојните норми некритички се отфрлаат, без никаква концепција за општествени алтернативи. Или, пак, ваквите девијации се последица на крајната бруталност на поединците кои ги отфрлаат и најосновните човечки вредности. Социологијата и социјалната патологија веќе подолго време се занимаваат токму со оваа категорија на девијации, особено со оние нејзини форми кои стануваат социјален проблем: криминалитетот, наркоманијата, алкохолизмот и сл.

Кај третиот вид на девијации — неконформистичките — кршењето на нормите го има за цел менувањето на постојниот систем, при што промените можат да бидат повеќе или помалку радикални. Всушност, тука станува збор за еманципациски движења. Неконформистичките девијации по правило не се мотивирани од личната корист, туку од желбата да се воспостават општествени односи кои ќе бидат праведни (поправедни) или подобри за слободен развиток на членовите на општеството.

Наведените типови на девијантно однесување се само нивна груба структуираност. Разликите меѓу типовите не можат лесно да се разграничат, иако тоа на прв поглед не изгледа така кога вака накусо се опишуваат. Потребно е нивно покомплексно проучување, бидејќи во практиката често се сретнува еден тип на општествено девијантно однесување да премине во друг тип.

Социолошкиот пристап на определувањето на општествените девијации бара нивно мошне комплексно истражување. Определувањето на вистинското место на девијациите за социологијата, како и во општеството во целост, оди, пред сè, во насоката кон појасна определба на поимот и содржината на девијациите, што ќе овозможи поадекватен пристап кон нивното проучување. Притоа социолошките дисциплини кои се занимаваат со општествените девијации секогаш треба да тргнуваат од општите теоретски сознанија и поставки во социологијата, при што посебно внимание треба да им се посвети на многу прашања, меѓу кои: на противречностите во вред-

носно-нормативниот систем во општеството; на типовите на општествената девијација; на субјективното доживување и смислата која девијантот му ја придава на своето однесување; на тоа како девијантот ги доживува општествените институции, особено институциите на општествената контрола; на делувањето на механизмите на социјалната контрола; на начините на надминување на општествената девијација, и др.

*VESNA DIMITRIEVSKA*

## A CONTRIBUTION TO A DEFINITION OF THE CONCEPT OF SOCIAL DEVIATION


### Summary

A precise definition of the term »social deviation« is by no means simple. The difficulty arises from the fact that there is no normal course of development in social life, just as there is no way of defining what its normal state is.

Devation should be understood as a form of protest against the system, as a system of norms. That is to say that all deviations are a rupturing of the norms of the obtaining system, the differences between them consisting only of the nanner and the aims of the protest.

As a social phenomenon of disrespect for certain norms, social deviation sets up, either directly or indirectly, within the framework of a society a new social relationship among people who do not respect the rules of behaviour and the social environment, which latter, in its turn, reacts to such deviant behaviour.